# ПРОГРАМА

## за работа на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2015 година

Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија како орган на управување, во 2015 година, својата активност ќе ја насочи за обезбедување средства за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување и зачувување на материјалната и социјалната сигурност на корисниците на пензија.

Како приоритетни цели во 2015 година се предвидени следните активности:

- Донесување Програма и План за работа;
- Утврдување на Буџетот на Фондот и усвојување на Годишната сметка на Фондот;
- Обезбедување средства за редовна исплата на пензиите, пред сè, преку поголема ефикасност во наплатата на придонесите и другите приходи на Фондот;
- Управување и одлучување за користење на средствата;
- Подобрување на материјалната и социјалната сигурност на корисниците на пензија преку усогласување на пензиите, согласно законските прописи, како и дополнително усогласување на пензиите согласно законските прописи;
- Редовно и навремено добивање податоци за уплатениот придонес од обврзниците преку УЈП заради утврдување на стажот и платите на вработените во базата на податоците во Фондот;
- Ефикасно и благовремено остварување на правата од пензиското и инвалидско осигурување;
- Навремена распределба на придонесите помеѓу државниот и приватните пензиски фондови;
- Унапредување на информацискиот систем како техничка поддршка во спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување;
- Наплата на заостанатите долгови за неплатен придонес заклучно со 2008 година со преземање на мерки , како и мерки за присилна наплата;
- Следење на остварувањето на меѓународните договори и спогодби;
- Разгледување на извештаи, информации и други материјали во врска со спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување.

Основните задачи што произлегуваат од работењето на Фондот, а се содржани во Програмата за работа на Управниот одбор на Фондот, базираат на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Статутот и други закони кои се од влијание во спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување.

Управниот одбор на Фондот во 2015 година ќе се ангажира во извршување на следните задачи:

| Период | Активност | Опис | Изработува |
|---|---|---|---|
| I Тримесечје | 1. Програма за работа на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2015 година. | Во Програмата за работа ќе бидат содржани основните задачи што произлегуваат од дејноста на Фондот, а кои ќе бидат разгледувани на седниците на Управниот одбор на Фондот. Програмата ќе биде отворена за разгледување и на други прашања кои ќе се наметнат во текот на 2015 година, а се битни за работењето на Фондот. | Сектор за финансиски прашања |
| I Тримесечје | 2. Одлука за донесување на Годишниот план за јавни набавки на Фондот за 2015 година | Во Годишен план за јавни набавки ќе бидат дадени вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според Општиот поимник за јавни набавки, со кој се определува и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни Годишниот план за јавни набавки согласно планираните и обезбедени средства за јавни набавки. | Сектор за финансиски прашања |
| I Тримесечје | 3. Извештај за спроведени ревизии и дадени препораки. | Во извештајот ќе бидат содржани сите спроведени ревизии во Централата на Фондот, како и филијалите и деловниците на Фондот во текот на 2014 година и заклучоците од спроведувањето на препораките | Одделение за внатрешна ревизија |
| I Тримесечје | 4. Одлука за усвојување на Извештајот од извршениот попис на имотот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македининија за 2014 година. | Во Одлуката и Извештајот за извршениот попис ќе биде прикажана сметководствената состојба на имотот на Фондот со состојба 31 декември 2014 година. | Сектор за финансиски прашања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| I Тримесечје | 5. Одлука за усвојување на Завршната сметка на Фондот со Извештајот за финансиското работење за 2014 година. | Во завршната сметка на Фондот ќе бидат дадени остварените (наплатени) приходи по извори на средства и извршените (исплатените) трошоци по основи намени, платени до крајот на годината. Анализа на вкупното финансиско работење на Фондот со споредбени показатели со Буџетот на Фондот за 2014 година и во однос на остварените приходи и расходи во 2013 година. Исто така, во извештајот ќе биде дадено кратко обрзложение на реализираните приходи по видови и извршените расходи по намени. | Сектор за финансиски прашања |
| I Тримесечје | 6. Програма за тековно и инвестиционо одржување на деловните објекти на Фондот на пензиското и инвалидскто осигурување на Македонија за 2015 година. | Во Програмата за тековно и инвестиционо одржување на деловните објекти на Фондот ќе бидат дадени потребите од инвестиционо одржување на објектите во Централа, филијалите и деловниците на Фондот, како и во домовите за живеење на корисниците на пензија со кои управува Фондот и објектите за одмор и рекреација, во рамките на обезбедените средства со Буџетот на Фондот за 2015 година. | Сектор за финансиски прашања и Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи |
| I Тримесечје | 7. Програма за купување на капиталните средства за 2015 година. | Во Програмата ќе бидат предложени потребите од капиталните средства по видови на средства и тоа: за набавка на канцелариска опрема, информатичка опрема за 2015 година, во рамките на обезбедените средства со Буџетот на Фондот за 2015 година и приоритетните потреби за оваа намена. | Сектор за финансиски прашања |
| I Тримесечје | 8. Информација за актуелната состојба на капиталот на Фондот во акции и удели, стекнати врз основа на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. | Во текот на годината, односно во секое тримесечје, ќе се изготвува информација за актуелната состојба на капиталот на Фондот во која ќе биде презентирана состојбата на портфолиото на Фондот изразено во приоритетни акции/ удели стекнати согласно член 19 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, како и обичните акции/удели стекнати согласно член 7 од измените на истиот закон. | Сектор за финансиски прашања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| I Тримесечје | 9. Одлуки за продажба на акции и удели, за зголемување или намалување на основната главница и други одлуки. | Во текот на годината ќе се донесуваат одлуки за продажба на акции и удели од вкупниот капитал стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, на предлог на Комисијата за акции и удели, а по претходна согласност на Владата на Република Македонија, како и одлуки за зголемување или намалување на основната главнина на друштвата во кои Фондот поседува акции и удели. | Сектор за финансиски прашања |
| I Тримесечје | 10. Информација за состојбата со наплатата на закупнината за издадениот станбен простор во домовите за живеење на корисниците на пензија во 2014 година. | Во информацијата ќе биде прикажана состојбата со наплата на закупнината од корисниците на станови во домовите и преземените мерки во 2014 година, како и предлог мерки за наредната година кои ќе придонесат за подобрување на состојбата со наплатата на закупнината. | Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи |
| I Тримесечје | 11. Информација за состојбата со наплатата на закупнината за издадениот деловен простор во домовите за живеење и клубовите за дневен престој на корисниците на пензија во 2014 година | Во информацијата ќе биде прикажана состојбата со наплатата на закупнината на деловниот простор и преземените мерки во 2014 година. | Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи |
| I Тримесечје | 12. Одлука за одобрување на финансиски средства за тековно и инвестиционо одржување на објектите на Фондот и домовите за живеење на корисниците на пензија. | Управниот одбор на Фондот, согласно планираните средства во Буџетот на Фондот за 2015 година и Програмата за инвестиционо одржување за 2015 година ќе донесе Одлука за користење на средствата. | Сектор за финансиски прашања и Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| II Тримесечје | 1. Годишен извештај за работата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2014 година. | Во извештајот ќе бидат прикажани состојбите и податоците со подетални инфромации за извршување на основните функции и задачи од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување од кои ќе се согледа вкупниот обем за извршената работа на Фондот во 2014 година, со споредбени показатели за претходниот период.Годишниот извештај ќе биде доставен до Владата на Република Македонија. | Сектор за финансиски прашања |
| II Тримесечје | 2. Информација за финансиската состојба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за периодот јануари – мај 2015 година. | Информацијата ќе содржи податоци за остварените приходи и расходи на Фондот во периодот јануари – мај 2015 година со споредбени показатели во однос со планираните со Буџетот на Фондот за 2015 година и остварените во 2014 година. Исто така ќе се дадат и првите оценки за финансиското работење на Фондот во 2015 година, со цел да се извршат измени и дополнувања на Буџетот на Фондот во рамките на Буџетот на Републиката. | Сектор за финансиски прашања |
| II Тримесечје | 3. Информација за спроведување на Солидарниот фонд–посмртна помош за периодот јануари-мај 2015 година | Во информацијата ќе бидат прикажани состојбите во сервисирањето на Солидарниот фонд – посмртна помош, што ја врши Фондот, согласно законските прописи. Информацијата ќе содржи податоци за издвоени средства за посмртна помош и членарина, како и податоци за исплатени средства за починати корисници на пензија по оваа основа по општини и на ниво на Република Македонија за периодот јануари-мај 2015 година. | Сектор за финансиски прашања |
| II Тримесечје | 4. Информација за членарина за членување во здруженија на пензионери во јануари-мај 2015 година | Во информацијата ќе биде прикажана состојбата за членување на корисниците на пензија и на оние кои не се членови во здруженијата на сојузите на Македонија за периодот јануари – мај 2015 година | Сектор за финансиски прашања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| II Тримесечје | 5. Одлука за купување на капитални средства. | Управниот одбор на Фондот, согласно планираните средства во Буџетот на Фондот за 2015 година и Програмата за купување на капитални средства ќе донесе Одлука за користење на средствата.. | Сектор за финансиски прашања и Сектор за информатика |
| II Тримесечје | 6. Информација за преземените активности во однос на наплатата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување до 31.12.2008 година и реализираната наплата во првата половина од 2015 година. | Во информацијата ќе бидат дадени податоци за наплата на заостанатите неплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување заклучно до 31.12.2008 година, како и состојбите со тековната наплата на придонесите во услови на интегрирана наплата на придонесите во периодот јануари-јуни 2015 година. | Сектор за финансиски прашања |
| II Тримесечје | 7. Изготвување квартален извештај за сработеното од дадените препораки и придобивки од спроведените препораки од Управен одбор. | За спроведените ревизии Внатрешната ревизија доставува извештај на ревидираниот субјект, од кој произлегуваат препораки за подобрување на ревидираниот систем. Менаџерскиот тим го добива извештајот и е задолжен да ги спроведува препораките. Какви се придобивките од спроведувањето на препораките и со каква динамика се спроведуваат ќе се презентира во кварталниот извештај за првите четири месеци од годината. | Одделение за внатрешна ревизија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| III Тримесечје | 1. Извештај за пензискиот ситем во Република Македонија со актуарски проекции за 2014 година | Извештајот ќе содржи краток осврт на системот на пензиското и инвалидско осигурување и финансиската состојба на Фондот, со посебен акцент на долгорочните актуарски проекции за идните финансиски состојби во пензискиот систем.Со помош на актуарскиот модел, Актуарскиот отсек ќе подготвува краткорочни и долгорочни проекции на приходите и расходит на Фондот, движењето на населението, осигурениците и пензионерите. | Сектор за финансиски прашања |
| III Тримесечје | 2. Извештај за спроведените постапки за јавни набавки во периодот јануари-јуни 2015 година | Извештајот ќе ги содржи сите спроведени постапки и склучените договори за јавни набавки во периодот јануари-јуни 2015 година согласно Законот за јавни набавки | Сектор за финансиски прашања |
| III Тримесечје | 3. Извештај за наплата на придонесите по основ на договори на дело, авторски договори и други договори за 2015 година | Извештајот ќе ги содржи бројот на поднесени барања, број на поднесени договори и решенија за прием во осигурување и износ на наплатениот придонес по овој основ | Сектор за финансиски прашања |
| III Тримесечје | 4. Информација за состојбата со наплатата на закупнината на издадениот деловен простор во домовите за живеење и клубовите за дневен престој на корисниците на пензија во период јануари - јуни 2015 година. | Во информацијата ќе биде прикажана состојбата со наплатата на закупнината за издадениот деловен простор во домовите за живеење и клубовите за дневен престој на корисниците на пензија во првата половина од 2015 година. | Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи |
| III Тримесечје | 5. Информација за состојбата со наплатата на закупнината за издадениот станбен простор во домовите за живеење на корисниците на пензија за периодот јануари-јуни 2015 година. | Информацијата ќе содржи преглед на состојбите со наплатата на закупнината и преземените мерки во првата половина од 2015 година. | Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| III Тримесечје | 6. Информација во врска со подготвувањето на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за 2015 година. | Во информацијата ќе бидат дадени податоци за остварените приходи и извршените расходи на Фондот за периодот јануари – јуни 2015 година и оценки до крајот на годината. Врз основа на новите оценки и макроекономскте индикатори на Републиката за 2015 година ќе се подготви изменување и дополнување на Буџетот за 2015 година, кој ќе биде доставен до Министерството за финансии како составен дел од Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Републиката за 2015 година. | Сектор за финансиски прашања |
| III Тримесечје | 7. Разгледување на Нацрт-Буџетот на Фондот за 2016 година со образложение  за појдовните основи и насоки за изготвување на истиот. | Нацрт -Буџетот за 2016 година ќе ги содржи приходите и расходите на Фондот како и образложение за појдовните насоки и основи за подготвување на истиот, пред да биде доставен на усогласување до Министерството за финансии, со цел да се вградат предлозите и препораките од страна на Управниот одбор на Фондот. | Сектор за финансиски прашања |
| III Тримесечје | 8. Разгледување на Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2014 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. | Во првото тримесечје од 2015 година Државниот завод за ревизија на Република Македонија ќе изврши ревизија на работењето на Фондот за 2014 година. Врз основа на Извештајот на Државната ревизија, Стручната служба ќе подготви  информација по Извештајот на државната ревизија. | Сектор за финансиски прашања |
| III Тримесечје | 9. Извештај за извршената ревизија на решенија со кои е утврдено право од пензиското и инвалидско осигурување. | Во 2015 година, почнувајќи од 01 јануари,  влегува во сила измената и дополнувањето на Законот за ПИО, според  кој   решенијата со кои е утврдено право од пензиското и инвалидско осигурување задолжително подлежат на ревизија. Одделението ќе врши ревизија на сите донесени решенија за право од ПИО. За извршената ревизија Фондот доставува месечен извештај до Мимистерството за труд и социјална политика. | Сектор за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| IV Тримесечје | 1. Информација за резултатите од спроведувањето на активностите во делот на регистрација на податоците. | Во ова информација ќе се дадат активностите за регистрација на податоците од матичната евиденција, кои ќе обезбедат рационално и ефикасно користење на податоците за потребите на Фондот и за потребите на целата Држава. | Сектор за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување |
| IV Тримесечје | 2. Информација за спроведување на Солидарниот фонд– посмртна помош за периодот јануари-октомври 2015 година. | Во информацијата ќе бидат прикажани состојбите во сервисирањето на Солидарниот фонд – посмртна помош за периодот јануари-октомври, што ја врши Фондот, согласно законските прописи. Информацијата ќе содржи податоци за издвоени средства за посмртна помош и членарина, како и податоци за исплатени средства за починати корисници на пензија по оваа основа по општини и на ниво на Република Македонија.. | Сектор за финансиски прашања |
| IV Тримесечје | 3. Информација за членарина за членување во здруженија на пензионери јануари-ноември 2015 година. | Во информацијата ќе биде прикажана состојбата за членување на корисниците на пензија и на оние кои не се членови во здруженијата на сојузите на Македонија за јануари-ноември 2015 година. | Сектор за финансиски прашања |
| IV Тримесечје | 4. Информација за финансиската состојба на Фондот на пензиското и инвалидксото осигурување за периодот јануари – септември 2015 година, со оценки до крајот на годината и согледување за 2016 година. | Информацијата ќе содржи податоци за приходи и расходи на Фондот за периодот јануари – септември 2015 година и согледувања на истите за 2016 година. Ова информација ќе претставува основа при преговорите со Министерството за финансии за конечно утврдување на приходите и расходите на Фондот во Предлог - Буџетот за 2016 година. | Сектор за финансиски прашања |
| IV Тримесечје | 5. Информација за транзиционите трошоци по основ на пренасочување на дел од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од приватните пензиски фондови. | Целта на оваа информација е да ги прикаже придонесите кои Фондот ги дозначува до приватните пензиски фондови и нивното влијание врз средствата на Фондот, како и податоци за членовите на фондовите. | Сектор за финансиски прашања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| IV Тримесечје | 6. Информација за изменување и дополнување на Буџетот на Фондот за 2015 година по извршеното усогласување со Министерството за финансии. | Во информацијата ќе бидат дадени податци за утврдените измени на Буџетот на Фондот за 2015 година од страна на Фондот и усвоените измени од Министерството за финансии по извршеното усогласување, по извори на приходи и намени на трошоци, а со цел Управниот одбор  на Фондот навремено да биде информиран за направените корекции на утврдениот Буџет на Фондот за 2015 година | Сектор за финансиски прашања |
| IV Тримесечје | 7. Информација за реализацијата на Програмата за инвестиционо одржување на деловните објекти на Фондот за 2015 година и за реализација на Програмата за набавка на капитални средства. | Во информацијата ќе бидат дадени податоци за реализираните средства за тековно и инвестиционо одржување во 2015 година по објекти и намени и за набавка на капитални средства по видови. | Сектор за финансиски прашања |
| IV Тримесечје | 8. Информација за доспеаното ниво на развојот на ИТ системот и достигнатото ниво на автоматизацијата на деловните процеси и сервиси. | Во оваа информација ќе бидат прикажани ефектите од автоматизацијата на работењето на Фондот. | Сектор за информатика |
| IV Тримесечје | 9. Извештај за наплата на придонесите по основ на договори на дело, авторски договори и други договори за 2015 година. | Извештајот ќе ги содржи бројот на поднесени барања, број на поднесени договори и решенија за прием во осигурување и износ на наплатениот придонес по овој основ | Сектор за финансиски прашања |
| IV Тримесечје | 10. Информација за имотно – правните состојби со имотот на Фондот во 2015 година. | Информацијата ќе содржи податоци за имотот на Фондот и податоци за одредени состојби во врска со имотно правните состојби. | Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи |

Во 2015 година Програмата за работа на Управниот одбор на Фондот е отворена за сите активности и е насочена кон други прашања што ќе произлезат од спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување.

Посебно место и значење ќе имаат прашањата од финансиското работење на Фондот во функција на редовна исплата на пензиите, остварувањето на правата, матичната евиденција од аспект на целосна ажурност на податоците за обврзниците и осигурениците, унапредување на информатичката опременост, спроведувањето на меѓународните договори за социјално осигурување и други прашања.

Скопје: јануари, 2015 година